Здружение на МАТЕМАТИЧАРИ - ОХРИД Охрид.

# С Т А Т У Т

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Под името Здружение на МАТЕМАТИЧАРИ - ОХРИД Охрид - формирано 08. 07 2011 г. се води независно непартиско, невладино граѓанско здружение на математичари од основните, средните училишта и факултетите од Охрид

### Член 2

Име и адреса
Полното име на здружението е: Здружение на МАТЕМАТИЧАРИ - ОХРИД Охрид.
Седиштето на Здружение на МАТЕМАТИЧАРИ - ОХРИД Охрид е училиштето во кое работи претседателот ( ОУ Братство Единство Охрид ) ул. 7 Ноември бр 85
email: zmo.ohrid@yahoo.com

### Член 3

Скратен назив: **ЗМО** и амблем

### Член 4

Печат: ЗМО има свој печат во тркалезна форма на кој е испишано полното име на ЗМО. Во средината е амблемот на ЗМО

Штембилот на ЗМО е правоаголен со димензии 6cm x 3cm со натпис Здружение на МАТЕМАТИЧАРИ - ОХРИД Охрид, Бр. ____________, дата ______________ Охрид.

### Член 5

Правната форма на ЗМО е здружение на граѓани со сите права и обврски согласно законот за здруженија и фондации на Република Македонија

### Член 6

ЗМО е полноправна членка на Сојузот на математичари на Македонија (СММ)

## II. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

**Член 7**

Организирано делување на наставниците и професорите од основните, средните училишта и факултетите од Охрид.

**Член 8**

Организирање на натпревари по математика за учениците од основните и средните училишта

**Член 9**

Организирање на математички школи за надарените ученици.

**Член 10**

Организирање на семинари за стручно усовршување на наставниците и професорите по математика

**Член 11**

Издавање на стручно-научни и стручно-методски публикации од областа на математиката

**Член 12**

Организирање на шаховски школи, и спроведување на натпревари

**Член 13**

Ангажирање на членовите како соработници во разни стручни тимови за извршување на одредени задачи од областа на делување на ЗМО

## III. ЧЛЕНОВИ

**Член 14**

Членови може да бидат наставниците и професорите од основните, средните училишта и факултетите од општината Охрид.
Членови може да бидат сите математичари кои се државјани на Р. Македонија

**Член 15**

Член се станува со писмено поднесување на изјава
ЗМО за своите членови води регистар на членови кој се ажурира еднаш годишно

**Член 16**

Членовите  плаќаат членарина која ја утврдува собранието по предлог на претседателот

**Член 17**

Членството престанува:
- по сопствена желба со претходно писмено барање
- со бripшење од членството за неисполнување на обврските од  овој Статут

Одлуката за исклучување ја носи Управниот одбор. Исклучениот член има право на жалба до Собранието на ЗМО кое  донесува конечна одлука.

## IV. ОРГАНИЗАЦИЈА

**Член 18**

Органи на ЗМО:
Претседател кој е правен застапник со мандат од 5 години со право на реизбор
Собрание  кое  го сочинуваат поединечните членови на ЗМО
Управен одбор кој го сочинуваат 3 претставници од основните училишта, средните училишта и од факултетите во Охрид, нивниот мандат е  5 години со право на реизбор.

**Член 19**

Одлуките се донесуваат со едноставно мнозинство од присутните

**Член 20**

Избор на претседателот го врши Собранието

**Член 21**

Управниот одбор дава насоки и врши контрола на работата на претседателот, донесува годишна програма за работа и донесува годишен буџет за работа.

**Член 22**

Собранието заседава еднаш годишно и ја усвојува програмата за работа во наредната учебна година.

**Член 23**

Претседателот свикува состаноци на кои е задолжително присуство на членовите на управниот одбор

## V. ФИНАНСИРАЊЕ

**Член 24**

Финансирањето е од членарина, донации и  партиципација за организација на натпреварите

**Член 25**

Приходи од други манифестации. Доброволни прилози

**Член 26**

Финансиските активности се одвиваат преку банкарска сметка

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 27**

ЗМО го задржува правото за измени и дополнување на Статутот

**Член 28**

Во случај на судски спор надлежен е Основниот суд во Охрид.

**Член 29**

Овој статут влегува во сила на денот на негово усвојување од страна на Собранието

Охрид
______________

Претседател:
Борис Лушески

Записничар: